Александар МЕШКОВ
самостоен истражувач

УДК 27-36:929 Гаврил Лесновски,св.

# КУЛТОТ НА СВЕТЕЦОТ И ЗНАЧЕЊЕТО НА МАНАСТИРОТ СВ. ГАВРИЛ ЛЕСНОВСКИ

Монаштвото несомнено претставува стожер на православното христијанство, како доминантна религија во Македонија, односно на поголемиот дел од Балканскиот Полуостров. Денешната актуелна форма на монаштво е киновиското или општежителното, кое поконкретно се однесува на група луѓе – монаси, кои живеат во заедница со воспоставена хиерархија, „служејќи му“ на Бога. Но, гледано од историски аспект, монаштвото првобитно се појавува во форма на анахоретско, или како што е уште познато, отшелничко, ермитско и пустиножителство. Кон крајот на III век во Египет се појавиле првите монаси-ермити, кои започнале да се подвизуваат во непристапните планинско-пустински предели во целосна изолација од заедницата и од општествените активности.

Должноста на христијанските анахорети, (доаѓа од старогрчкиот термин *ἀναχωρέω* со значење ’се повлекува‘, ’отстапува‘) е да ги потчинат природните сетилни импулси кои претставуваат опасност за внатрешното јаство. Така, преку буквално гладување, постепено се доведувале во состојба на покорност. Накусо, анахоретската аскеза се состоела од: речиси целосно лишување од сон, ограничување на консумацијата на храна и минимално внесување вода, откажување од секакви удопства, физичка работа, груба облека, немиење на кожата (телото).[1]

Во Македонија, една од првите европски земји во кои се воспоставило христијанството, ваквите текови се случиле подоцна, кон крајот на XI и почетокот на XII век, кога се забележува подем на монасите-анахорети: Гаврил Лесновски, Јоаким Осоговски, Прохор Пчињски и Јован Рилски.

---

[1] Virginia Smith, *Clean, a history of personal hygiene and purity* (New York: Oxford, 2007), 146.

Народната традиција, изразена преку усните извори и содржана во колективната меморија на луѓето, е подеднакво важен извор како и пишаниот за создавање и негување на култовите на пустиножителите. Голем број народни преданија, легенди, верувања во врска со светците се забележани од фолклористите. Во таа смисла секако треба да се спомене Марко Цепенков, како најголем собирач на македонски народни умотворби. Од голема полза во откривањето на перцепцијата што ја има народот кон светците, како нивни заштитници и покровители на своите манастири, се и сознанијата на фолклористите Танас Вражиновски[2] и Марко Китевски.[3]

Преку житијата, т.е. преку хагиографската литература се дознава за животот на македонските светители, а преку нив се согледуваат и разни настани и појави од историјата на македонскиот народ. Таквите житија не се зачувани во оригинална форма од времето кога се настанати, туку се познати од подоцнежни преписи. Така, житието на пустиножителот Гаврил Лесновски до денес е зачувано во два преписа: Кратко и Опширно.[4] Краткото житие, според содржината е пролошко и се содржи во Прологот на Станислав од 1330 година. Се чува во САНУ во Белград, под бр. 53. Опширното житие на св. Гаврил Лесновски е познато според неколку преписи: еден препис се чува во Зборникот на кратовчанецот Стефан Максимов од 1847 година, додека вториот регистриран препис е тој што поп Христо го однел во Белград во 1862 година. Третиот препис се наоѓа во Зборникот на Јоан Христев од 1868 година, а четвртиот, познат од XIX век го препишал даскал Христо. Петтиот датира од крајот на XVIII век и се чува во Библиотеката при Светиот синод во Софија, под инвентарен број 1188. Текстот на овој препис е идентичен со ракописот на Јоан Христев од 1868 година.[5]

Житијата содржински можат да се разгледуваат од повеќе аспекти, кои создаваат сопствени рамки во согласност со полето на интерес, поврзувајќи се со ликот на св. Гаврил Лесновски. На пример, во Опширното житие продлабочено се изнесува животот на светецот. Тој бил роден во село Осиче, Паланечко, во богато благородничко

---

[2] *Фолклористичко-етнолошки студии* (Скопје: Матица, 2005); *Македонска народна митологија* (Скопје: Матица, 2002); *Манастирите и црквите во народната традиција* (Скопје: Матица, 2011); *Македонски народни преданија* (Скопје: Институт за фолклор, 1986); „Светите Јован Рилски, Јоаким Осоговски, Гаврил Лесновски и Прохор Пчињски во македонската народна традиција“, *Спектар,* бр. 28 (1996).

[3] „Светителите-пустиножители во македонските народни преданија и легенди“, *Спектар,* бр. 38 (2001).

[4] Георгиевски, *Прилози од старата македонска книжевност и култура* (кн. 1), 10-11.

[5] Миловска и Таковски, *Македонската житијна литература IX-XVIII век,* 42-43.

семејство. Долго време неговите родители немале деца, поради што биле во тага и постојано му се молеле на Господ да им даде пород. Господ ја услишал нивната молитва и набргу им се родил син, кој го крстиле Гаврил.[6] За времето кога живеел Гаврил постојат повеќе издиференцирани гледишта. К. Иречек и архиепископот Ф. Черниговски сметаат дека тој се подвизувал кон почетокот на XI век. Според други истражувачи, меѓу кои Е. Каранов и Д. Цухлев, тој дејствувал во X век. Со понова определба се огласиле научниците Ј. Иванов и И. Снегаров, кои го земаат периодот од XI до XII век. Сепак, поголемиот дел од достапните факти зборуваат дека Гаврил не го преминал прагот на XII век.[7]

Гаврил уште од мал пројавувал интерес за книжевноста, а особено бил заинтригиран од христијанските книги. Благодарение на материјалните можности на неговото семејство се школувал кај најдобрите учители. Во Житието понатаму се вели дека кога дошол на соодветна возраст, родителите му нашле девојка од царски род, но тој не сакал да се оддаде на световен и брачен живот. Неговиот пат, да му служи на Бога, бил избран уште од детството. Тоа го потврдува и сонот во кој му се јавил ангелот Господов и му рекол во Осичко Поле да подигне црква посветена на Пресвета Богородица. Кога се разбудил, заминал кај родителите, кои му дале пари и тој го реализирал видението од сонот. Откако ја изградил црквата, заминал за Лесновскиот манастир, каде што се замонашил. По одредено време, по молба на Гаврил, игуменот на манастирот му дозволил да се оддаде на денонoќна молитва во еден скит во близина на Злетово. Таму почнале да доаѓаат многу луѓе за лечење или за благослов, па набргу го напуштил скитот и заминал на планина во близината на селото Луково. И таму го откриле бидејќи правел добрини. Имено, многу брзо се раширила веста дека со насобрана дождовница излекувал кози од тешка болест. Поради тоа преподобниот Гаврил отишол во една мала пештера, а по извесно време заминал за Облов Врв, наречен на грчки Странгило, каде што поминал цели 30 години во молитва и телесни измачувања. Таму се упокоил во длабока старост.[8]

Семантички, терминот пештера се поистоветува со влез во долниот свет, во светот на мртвите. Тоа е и своевидна аналогија на подземјето, како скриено место во кое се полагаат телата на умрените. Освен во Стариот завет, каде што често се среќава симболично, пештерата како свето место се јавува и во Новиот завет, всушност во

[6] Георгиевски, *Македонски светци,* 83-84.
[7] Стојчевска-Антиќ, „Кон житието на Гаврил Лесновски“, 443.
[8] Георгиевски, *Македонски светци,* 83-84.

неа се родил и Богочовекот Исус Христос, но таму и воскреснал, со што се затвора мистичниот циклус. Во пештерата се одвива процесот на преобразување на отшелничката душа и тело. Во таа смисла, симболично се поврзува со стоењето на квасецот во брашното, кое се преобразува во леб. Според евангелското толкување, вистинскиот леб е тој, квасениот.[9]

Култот на св. Гаврил Лесновски се воспоставил и во народната традиција. Народот го сметал за заштитник и посредник меѓу нивната судбина и Божјата волја. Содржините на народните раскажувања генерално произлегувале од житијата и од проповедите на лесновските монаси. На тој начин народот учествувал во збогатувањето на култот на светиот пустиножител. Едно предание се однесува на престојот на св. Гаврил на Облов Врв. Секојдневно тој се измачувал фрлајќи тешка плоча, а потоа ја качувал горе до пештерата. Во еден момент го препознал ѓаволот претворен во убава девојка и го истерал.[10]

Една легенда раскажува за интеракцијата на Гаврил со одредени животни, односно помошта што ја добивал од нив. Имено, тој се подвизувал во една пештера јужно од селото Лесново, непосредно во подножјето на месноста Гаврич. За време на својот престој таму, Гаврил се хранел со млекото од една црвена коза која ја научил да доаѓа секојдневно кај него. Кога сопственикот на козата дознал за ова, го известил владиката кој живеел во Злетово и тој веднаш го повикал Гаврила кај себе. На пат кон владиката, пред Гаврил се појавиле мечка и смокови, но тој успеал да ја скроти мечката, а од смоковите на мечката и направил узда и узенгии. Кога влегол во селото, жителите го гледале исплашено, а по завршениот разговор со владиката, Гаврил ја јавнал мечката и си заминал кон пештерата во Гаврич.[11]

Св. Гаврил се скарал со некој човек. Човекот му докажувал на стариот дека млекото што го пие е мрсно, а Гаврил му рекол: „Млекото е трева, а јајцата што ги јадете како посна храна се мрсни“. Отишле кај владиката во Злетово и пред него во одделни тасови ставиле млеко и јајце. По некое време од млекото изникнала трева, а од јајцето пиле. Така светителот докажал дека јајцата се мрсни и ја оправдал својата светост.[12]

---

[9] Анани Стойнев, *Св. Иван Рилски, официалното християнство и богомилството* (София: ФАР, 1991), 67-69.
[10] Велев, *Свети Гаврил Лесновски во книжевната традиција*, 171, 175.
[11] Стефановски, *1000 години Лесново,* 34-35.
[12] Стојчевска-Антиќ, *Локални хагиографии во Македонија*, 177.

Соништата во народната традиција се јавуваат како медиуми помеѓу „световите на живите и умрените“ или како контакт со натприродните суштества. Тие имаат повеќе функции: претскажувачка, поучна итн. Тоа може да се забележи и во контекст на дејствувањето на светците по нивното „напуштање“ на земскиот живот.

Се раскажува дека браќата од манастирот не можеле да го пронајдат телото на св. Гаврил. По некое време, тој на сон му се јавил на монахот Јосиф од Средец, по потекло Русин. Гаврил му се јавувал на сон три ноќи по ред. Кога монахот Јосиф стигнал на Облов Врв, преподобниот Гаврил уште еднаш му се јавил на сон со зборовите: „...близъ єсмъ тебѣ во лѣвои странѣ“. На местото каде што ги пронашле моштите се ширела пријатна миризба, а потоа ги пренеле во Лесновскиот манастир.[13]

Врз основа на житието се создадени повеќе преданија за моштите на св. Гаврил. Во едно од нив се наведува дека кога се пренесувале моштите, густата шума се отворала правејќи пат слободно да помине поворката. Тука постои забрана луѓето да се вртат и да гледаат наназад. Според една варијанта на оваа легенда, една жена се завртела, а според друга, пак, поп. И двајцата поради не придржувањето кон забраната се скамениле, а патот повеќе не се отворал, така што луѓето морале сами да се пробиваат низ шумата.[14] Тука е инкорпориран библискиот мотив за отворањето на патот низ морето, а се додава уште една слика што го поддржува орфејскиот мотив, според кој, погледот напред ја изразува среќата и љубовта, а погледот назад означува смрт. Во прилог на ова е и неистрајноста на човечката природа, што резултирало со казна.[15]

Според една легенда, за моштите на Лесновски се верува дека од манастирот биле пренесени во Трново, но бугарскиот патријарх се плашел да не бидат запленети од Турците и затоа ги однел во Трапезец, во црквата Свети дванаесет апостоли, каде што лежат до денешен ден и имаат исцелителна моќ. Подоцнежните податоци укажуваат дека моштите биле вратени во Лесновскиот манастир, каде што се наоѓаат и денес. Како доказ за тоа служи еден запис, забележан од Г. Елезовиќ, на олтарот од западниот прозорец на главното кубе од десната страна на црквата.[16]

---

[13] Георгиевски, *Македонски светци*, 85.
[14] Вражиновски, *Фолклористичко-етнолошки студии*, 106.
[15] Велев, „Житејните и народните мотивски трансформации што го изразуваат култот на пустиножителот Гаврил Лесновски“, 219-220.
[16] Вражиновски, *Фолклористичко-етнолошки студии*, 112.

Историјата на светителите, но и на црквите и на манастирите подигнати во нивна чест, изобилува со записи, преданија за нивната исцелителска и чудотворна моќ. Можеби таквиот алтернативен начин на лекување (во случајов преку духовно исцелување) е карактеристичен за минатото, време кога конвенционалната медицина не била во подем. Но и денес постојат рецидиви од таквата практика и таквиот светоглед.

И на ликот на св. Гаврил Лесновски му се припишуваат такви особини (како што е споменато погоре) за време на животот, но и постхумно – како покровител на црквите и на манастирите.

Неговата исцелителна моќ доаѓала до израз кога „жалоста ја претворал во радост". Таквата чудотворност на Гаврил се поистоветува со облик од парапсихолошката сфера. Се верувало дека пустиножителот има моќ да го истера злото што се населува во човечката душа.[17]

„Светиот лекуваше луѓе како река и во земјата владееше мир повеќе години". Во Житието е прикажан случајот со некој богат Ерменец од Кратово. Тој имал ќерка чија рака била сува, па затоа таа се поклонила пред светите мошти и раката ѝ се отпуштила. Се верува дека и гробот на свети Гаврил има исцелителски својства. Во манастирот доаѓаат болни луѓе и преспиваат на неговиот гроб. Монасите што живееле тука изградиле болница.[18]

„Мајка ми кажуваше за него, за свети Отец... тие што му го продале тутунот го кажале на турските контроли... рекла на манастиро на свети Гаврил. Имале еден коњ, еден кулавен, сив и бел: 'Свети Отец, свети Гавриле, коњот ќе ти го поклонам само да не најдат Турците тутунот!' Изваде она месото полујна од кацата, туре вреќите у кацата па згазне, па туре малку месо озгора. Кажувала е мајка ми. И така свети Гаврил спасе ги од Турците".[19]

Во тој поглед, за време на османлиското владеење не е познат ниеден податок за насилство врз манастирот Лесновски. Во едно локално предание се вели дека кога Мурат-бег го потпишувал ферманот за уривање на манастирот, похулил на Христа и веднаш потоа му се одзел видот и му се парализирала десната страна од телото. Тоа се случило и со неговите најблиски. Но откако се покајал и побарал прошка од светителот, по молитвите на преподобниот Гаврил Лесновски, Бог му го повратил видот и го исцелил. Тогаш Мурат-бег

---

[17] Велев, „Житејните и народните мотивски трансформации што го изразуваат култот на пустиножителот Гаврил Лесновски", 215-217.
[18] Вражиновски, *Манастирите и црквите во народната традиција,* 154-155.
[19] Вражиновски, *Македонска народна митологија,* 304-305.

го оставил манастирот и му подарил 50 хектари земја во местото Глобица крај Злетовска Река, а под крстот на централното кубе поставил полумесечина, како знак за заштита на манстирот од османлиите.[20]

И во понов период се забележани некои мистериозни настани во рамките на манастирот. Отец Гаврил бил светогорски монах, кој во Лесново дошол во 1974 година и го вратил животот во манастирот. Селаните уште ги раскажуваат чудата на овој монах, неговите молитви биле услишани, имено извесен Ѓорѓија успеал да прозбори на четиригодишна возраст.

Понекогаш и природата создава симболични алузии. Во дворот на манастирот има необична муренка – крстовидна црница стара 600 години и израсната во вид на крст. Ако се допрат нејзините плодови, кои се необично големи, вкусни и црни, нивната боја многу тешко се отстранува. На Балканот постојат само три такви дрвја.[21]

Што се однесува на периодот кога е изграден манастирот Свети Гаврил Лесновски, во Краткото и во Опширното житие постојат контрадикторни тврдења. Но, според повеќето истражувачи, најрелевантни податоци дава Краткото житие напишано во 1330 година. Всушност, првото житие за Лесновски настанало во втората половина на XI век. Во тоа време, во крајот северно до Брегалница, во врска со култот на познатите пустиножители биле напишале повеќе житија и црковни песни. Податоците од XI век се основа за Краткото пролошко житие, а во содржината на неговиот поговор се кажува дека Лесновскиот манастир постоел пред обновата во 1341 година, т.е. во 1330 година, под име Св. Архистратиг Михаил. Во тој манастир постоело монашко братство на чело со игуменот Теодосиј, по чија порачка книжевникот Станислав го препишал Прологот.[22]

Култот на светецот Гаврил Лесновски е втемелен и во средновековната уметност, особено неговите портрети во живописот. Најстарите зачувани портрети на св. Гаврил се наоѓаат во лесновскиот храм. Таму се застапени два негови портрета и една композиција што ја прикажува неговата смрт и опелото.[23] На двата портрета св. Гаврил Лесновски има благородни црти на лицето, што упатува на неговото благородничко потекло и големата ученост, без изострени

[20] http://www.kralemarko.org.mk/default-mk.asp?ItemID=CF451783E05AEF4095138388 164EA76F, пристапено на 22. 3. 2012 година.
[21] http://www.kralemarko.org.mk/default-mk.asp?ItemID=E453F985D9A47A4FB1A66A74 ED3F48C8, пристапено на 22. 3. 2012 година.
[22] Миловска и Таковски, *Македонската житијна литература IX-XVIII век,* 45.
[23] Георгиевски, *Македонски светци,* 87-88.

пустиножителски црти, носи долга негувана црвеникава брада што се стеснува кон крајот. Над челото има мошне куса коса, која незначително се раширува од двете страни на главата. Великосхимничката одежда на светецот на сите негови претстави ја определува неговата припадност на највисокиот монашки испоснички ред.[24] Композицијата на неговата смрт се наоѓа во долниот дел од северниот олтарен ѕид. Св. Гаврил е положен на рогозина, а околу покојникот се собрани девет монаси со игуменот на манастирот во средината. Првиот помлад монах држи свеќа и отворена книга, а до него уште еден постар монах-великосхимник држи свеќа. Во горниот дел на композицијата, оддесно, еден ангел во рацете ја носи душата на покојниот монах. Ликот на пустиножителот се среќава и надвор од неговиот манастир. На пример, се појавува во Граничица, во зографијата од 1570 година; во Пиринска Македонија, во црквата Св. Теодор Тиран и Теодор Стратилат, во с. Добарско кај Разлог; во Софиско и во Самоковско од почетокот на XVII век – во црквата на сесловенскиот манастир Св. Никола во Софија и др.[25] Неговиот култ стекнал одраз и во сликарската традиција на Света Гора. Св. Гаврил е насликан на припратата на Зографскиот манастир, но во контекстот на светителските култови надвор од неговиот крај.[26]

Покрај нивната изворна функција како духовни центри, манастирите во Македонија прераснале и во скрипторски центри каде што се одвивала богата препишувачко-преведувачка книжевна активност. Во тој дух се развивал и Лесновскиот манастир. Тој е еден од попознатите скрипторски центри во Македонија. Првите книжевни пројави во рамки на манастирот започнале во втората половина на XI век. Во тој период во таа област било во подем ермитското монаштво, кое претпочитало осаменички живот, молитви и искушенија, а притоа ермитите не ѝ посветувале поголемо внимание на книжевната дејност. Можеби тоа е една од причините поради која веднаш не се развила интензивна книжевна дејност. Таквата активност се интензивирала особено по 1347 година, кога манастирот станал седиште на новоформираната Злетовска епископија.

Прв книжевник од Лесновскиот центар е Станислав, познат по Прологот со поговор од 1330 година и на т.н. минеј, составен по порачка на Јоан Оливер, познат во науката како Оливеров минеј од 1342 год. Подоцна, во 1353 година е создаден познатиот Лесновски

[24] Грозданов, *Портрети на светителите во Македонија од IX до XVIII век,* 164.
[25] Георгиевски, *Македонски светци,* 87-88.
[26] Велев, *Свети Гаврил Лесновски во книжевната традиција*, 41.

паренесис, којшто е напишан веројатно од некој ученик или познавач на делата на Станислав.[27]

Состојбата на умерено анахоретско живеење во одреден период е присутна и во рамките на Лесновскиот манастир. Така, во негова непосредна близина се наоѓаат остатоци од некогашните над 20 скита (мали молитвеници во карпи), параклиси и пештерни испосници кои го потврдуваат интензивното монашко живеење поврзано со Лесновскиот манастир, од дамнина наречен Голема лавра.[28]

За да се засили почитта кон пустиножителот како светител, била воведена и култна манифестација во богослужението, која се одвивала на денот на неговиот спомен – 15 јануари по стар или 28 јануари по нов стил. Култот доаѓал до израз главно во месниот злетовско-кратовски крај. Највпечатливо место за популаризирање на неговиот култ во богослужбата бил Лесновскиот манастир, чијшто светителски патронат се поврзува и со личноста на св. Гаврил Лесновски.[29]

Во ликовите на светителите е присутно каноничното, знаковното и симболичното. Релацијата помеѓу верникот и светителот е мистична, имено, верниците бараат од него спас, чудо, совет. Светителите ја остваруваат функцијата на посредници на релацијата верник – светител – Господ.[30]

[27] Георгиевски, *Прилози од старата македонска книжевност и култура,* 284.
[28] http://star.vecer.com.mk/tekst.asp?tid=10408, пристапено на 23. 3. 2012 година.
[29] Велев, *Свети Гаврил Лесновски во книжевната традиција*, 109.
[30] Јакимовска-Тошиќ, „Улогата на народното творештво во афирмација на јужнословенските анахоретски култови“, 575.

Aleksandar MESHKOV

THE CULT OF SAINTS AND THE MEANING OF MONASTERY OF ST. GAVRIL FROM LESNOVO

*- s u m m a ry -*

By interposition of this text an attempt has been made to present a synthesis of the St.Gabriel of Lesnovo (Gavril Lesnovski) cult significance and its influence in a wider religious context. The desert-dweller personality has been deliberated multi-dimensionally,accentuating objectively the more substantial moments, a component of the material and spiritual culture related to St. Gabriel. Biographies represent the essential source about the life of the saint and folk traditions;legends occur afterwards. In the development of monasticism in this area, St. Gabriel of Lesnovo appears as one of the four anchorites devoted to seclusion and, in fact, being considered as initiators of the original form of monasticism within the Christianity in Macedonia. Churches and monasteries have often been credited for the maintenance and dissemination of the cults of saints. Therefore, the Lesnovo monastery dedicated to St. Gabriel, had multiple functions. Besides being a spiritual center evolving a monastic life, the Lesnovo monastery was one of the better renowned medieval scripture centers in Macedonia that supported the affirmation of literature. The desert-dweller cult gained reflection in the painting art tradition as well, and his figure decorates the walls of numerous monasteries in the country and the neighborhood. Perhaps the safest place to maintain the cult of saints is the people consciousness, i.e. their faith in the miraculous and healing attributes of the saint (in this case St. Gabriel) and the holy places under his patronage, as a mediator between the people and God.